Врз основа на член 50 став 9 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на РМ број 5/02) член 29 и 38 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) број 12/15) и член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип (Службен гласник на Општина Штип број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 4/11 и 13/14), градоначалникот на Општина Штип донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА ОПШТИНСКАТА УСТАНОВА ЗА КУЛТУРА „ДОМ НА МЛАДИ"-ШТИП

1. За директор на Општинската установа за култура „Дом на млади" **се избира** Горан Трајков, дипломиран гитарист, сметано од 01.03.2018 година.
2. Директорот од став (1) на овој член се избира за време од четири години и може повторно да биде избран.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивањето на согласност од Министерството за култура.

## О б р а з л о ж е н и е

Со член 29 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) е утврдено дека директор на национална установа се избира по пат на јавен конкурс што се објавува преку средства за јавно информирање. Директор се избира за време од 4 години.

Со член 38 е утврдено дека одредбите од овој закон соодветно се применуваат и на општинска - градска установа, особено за основање, работа, раководење, управување, одлучување и финансирање на националната установа, како и за правата од работен однос на вработените во националната установа, доколку со Законот за локалната самоуправа или со Закон за одделна дејност во културата поинаку не е утврдено.

Согласно член 29 став 4 од истиот закон посебните услови за избор на директор се утврдуваат со Статутот на установата.

Согласно член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на РМ број 05/02), градоначалникот избира директори на јавните служби кои ги основала општината.

Градоначалникот на Општина Штип донесе решение за распишување на јавен оглас за избор на директор број 09-1032/1 од 09.02.2018 година. Распишаниот јавен беше објавен во дневниоте печати: „Нова Македонија", „Лајме" и „Вечер". На распишаниот оглас како единствен кандидат се пријави Горан Трајков.Кандидатот ги исполнува сите услови утврдени во јавниот оглас.

Поради горе наведното се одлучи како во диспозитивот.

Број 09- 1032/6
28.02.2018 година

Општина Штип
Градоначалник
Благој Бочварски